**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И**
**ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**
**СКОПЈЕ**

# Предлог-проект за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии по Политички науки, област - *Демократија во услови на глобализација,* предлагач и организатор: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

**Скопје, 2019 година**

**Содржина на Елаборатот:**


| | | |
|---|---|---|
| 1А | Карта на високообразовната установа | 3 |
| 1 Б | Општи дескриптори на квалификацијата | 12 |
| 1В | Специфични дескриптори на | 14 |
| 2 | Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје | 16 |
| 3 | Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат | 18 |
| 4 | Научно-истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма | 19 |
| 5 | Степен на образование | 19 |
| 6 | Цел и оправданост за воведување на студиската програма | 19 |
| 7 | Години и семестри на траење на студиската програма | 20 |
| 8 | ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот | 20 |
| 9 | Начин на финансирање | 20 |
| 10. | Услови за запишување | 20 |
| 11. | Структура на студиската програма | 21 |
| 12. | Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма | 25 |
| 13. | Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма | 25 |
| 14. | Предметни програми со информации | 25 |
| 15. | Список на наставен кадар | 25 |
| 16. | Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма | 26 |
| 17. | Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма | 26 |
| 18 | Информација за бројот на ментори | 26 |
| 19. | Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма | 26 |
| 20 | Информација за бројот на наставници во полето односно областа од научноистражувачкото подрачје неопходни за организирање на докторски студии | 26 |
| 21. | Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература | 27 |
| 22. | Информација за веб страница | 27 |
| 23 | Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар | 27 |
| 24. | Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма | 29 |
| 25 | Обезбедена меѓународна мобилност на студентите | 30 |
| 26. | Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата | 30 |
| | Прилог 1 – Предметни програми | 31 |
| | Прилог 2 – Обрасци од предметните наставници | 83 |
| | Прилог 3 – Изјави од предметните наставници | 178 |
| | Прилог 4 – Додаток на дипломата | 194 |
| | Прилог 5 – Извештај од самоевалуацијата на ИСППИ | 201 |
| | Прилог 6- Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста | 212 |
| | Прилог 7- Решенија за акредитирани ментори | 215 |

## 1А.КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА ИНСТИТУЦИЈА

| | |
|---|---|
| **Назив на високообразовната установа** | **УКИМ- Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје** |
| **Седиште** | Општина Карпош, Скопје, Р. Македонија<br>Адреса:<br>Бул. Партизански одреди бб, 1000 Скопје, Р. Македонија<br>П. фах 435<br>Телефони:<br>+389 (0)2 3061-119<br><br>Факс: +389 (0)2 3061-282 |
| **Веб страница** | www.isppi.ukim.edu.mk<br>http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=165&glavno=8<br>(линк од Школата за докторски студии) |
| **Вид на високообразовната установа** | Научен институт во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
| **Податоци за основачот** | Влада на Република Македонија<br>Одлука за основање од Универзитетски совет бр. 01-4/32 од 01.06.1964<br>Решение за потврда на Одлука за основање на ИСППИ бр. 09-182/1 од 5.11.1965 |
| **Податоци за последната акредитација** | **Втор циклус на студии:**<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на ***едногодишни*** студиски програми од втор циклус студии по:<br>– **- Социологија-менаџмент на општествени промени**, (решение бр. 13-197/2 од 08.02.2016 год.)<br>– **Менаџмент на човечки ресурси**, (решение бр. 13-197/5 од 08.02.2016 год.)<br>– **Комуникации**, (решение бр. 13-197/4 од 08.02.2016 год.)<br>– **Култура во ера на кибернетика**, (решение бр. 13-197/3 од 08.02.2016 год.)<br>– **Општествен развој**, решение бр. 1404-13/3 од 22.03.2019 година<br>– **Политички науки и човекови права,** решение бр. 1409-15/4 од 28.03.2019 година<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на ***двегогодишни*** студиски програми од втор циклус студии по:<br>– **Социологија-менаџмент на општествени промени**, решение бр. 1409-12/4 од 15.04.2019 година<br>– **Менаџмент на човечки ресурси**, решение бр. 1409-10/3 од 28.03.2019 година<br>– **Комуникации**, решение бр. 1404-11/3 од 22.03.2019 година |

| | |
|---|---|
| | – **Општествен развој**, решение бр. 1404-14/3 од 22.03.2019 година<br>– **Политички науки и човекови права,** решение бр. 1409-16/4 од 28.03.2019 година<br>– **Заедничка студиска програма од втор циклус студии по Политички науки-Интеграција и управување,** произлезена од Еразмус+ КА2 Проект за градење на капацитети бр. 561485 *„Развој на студиска програма од втор циклус на универзитетски студии по Европски политички науки“*, Решение за акредитација бр. 1409-364/2 од 21.03.2018 година<br><br>**Решенија за почеток** со работа од Министерството за образование и наука на РМ за акредитирани ***едногодиши*** студиски програми од **втор циклус** студии по:<br><br>– **Менаџмент на човечки ресурси,** решение бр. УП 1 бр. 14- 327 од 03.06.2016 год.<br>– **Комуникации,** решение бр. УП 1 бр. 14- 327 од 03.06.2016 год.<br>– **Културата во ерата на кибернетиката,** решение бр. УП 1 бр. 14- 327 од 03.06.2016 год.<br>– **Социологија-менаџмент на општествени промени**, решение бр. УП 1 бр. 14- 327 од 03.06.2016 год.<br>– **Општествен развој,** Решение УП1 бр. 14-779 од 03.05.2019 година<br>– **Политички науки и човекови права,** Решение УП1 бр. 14-779 од 03.05.2019 година<br><br>**Решенија за почеток** со работа од Министерството за образование и наука на РМ за акредитирани ***двегодишни*** студиски програми од **втор циклус** студии по:<br><br>– **Менаџмент на човечки ресурси,** Решение УП1 бр. 14-779 од 03.05.2019 година<br>– **Комуникации,** Решение УП1 бр. 14-779 од 03.05.2019 година<br>– **Нови медиуми и социјални мрежи,** решение Бр. 13-12291/5 од 21.08.2014 год.<br>– **Културата во ерата на кибернетиката,** решение Бр. 13-12291/5 од 21.08.2014 год.<br>– **Социологија-менаџмент на општествени промени**, решение бр. УП 1 бр. 14-913 од 13.05.2019 година<br>– **Општествен развој,** Решение УП1 бр. 14-779 од 03.05.2019 година<br>– **Политички науки и човекови права,** Решение УП1 бр. 14-779 од 03.05.2019 година<br>– **Заедничка студиска програма од втор циклус студии по Политички науки-Интеграција и** |

| | |
|---|---|
| | **управување,** произлезена од Еразмус+ КА2 Проект за градење на капацитети бр. 561485 *„Развој на студиска програма од втор циклус на универзитетски студии по Европски политички науки“*, Решение за почеток со работа бр. УП1 Бр. 14-804 од 10.04.2018 година<br><br>**<u>ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ</u>**:<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на тригодишни студиски програми од **трет циклус-докторски студии** по:<br><br>– **Социологија на организација**, решение бр. 18-23/2 од 22.6.2017 година<br>– **Социологија на окружувањето**, решение бр. 18-23/3 од 22.6.2017 година<br>– **Демократија во ера на глобализација**, решение бр. 18-23/4 од 22.6.2017 година<br>– **Организациски науки и управување (менаџмент)**, решение бр. 17-397/2 од 27.12.2016 година<br><br>**<u>Решение за почеток</u>** со работа од Министерството за образование и наука на РМ **УП1 Бр. 14-1281 од 07.08.2017** година на акредитирани тригодишни студиски програми од трет циклус-докторски студии по:<br>– **Социологија на организација**<br>– **Социологија на окружувањето**<br>– **Демократија во ера на глобализација**<br><br>Решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука на РМ бр. **УП 1 бр. 14-33 од 30.01.2017** година на акредитирани тригодишни студиски програми од трет циклус-докторски студии по:<br>– **Организациски науки и управување (менаџмент),** во организација на УКИМ Економски факултет-Скопје, Економски институт-Скопје и ИСППИ |
| **Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација** | **Научно поле 5 - општествени науки**<br><br>**Научно подрачје:**<br>502 Демографија<br><br>**Научна област:**<br>50204 Структура на населението<br>50208 Популациона градска и селска политика<br><br>**Научно подрачје:**<br>503 Економски науки<br><br>**Научна област:** |

| | |
|---|---|
| | 50305 Економски развој<br>50320 Економија на трудот<br>50323 Економика на претпријатијата<br><br>**Научно подрачје:**<br>506 Организациони науки и управување (менаџмент)<br><br>**Научна област:**<br>50622 Управување со човечки ресурси, во холистички допир со областите:<br>50600 Наука за организација<br>50601 Теорија и организација на деловни системи<br>50602 Менаџмент системи<br>50603 Бизнис менаџмент<br>50605 Стратешки менаџмент<br>50613 Деловно комуницирање<br>50614 Одлучување<br>50615 Менаџмент во администрација<br>50618 Менаџмент во образование<br>50623 Претприемништво<br><br>**Научно подрачје:**<br>507 Политички науки<br><br>**Научна област:**<br>50700 Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго)<br>50701 Политички системи<br>50703 Граѓанско општество, политички партии и интересни групи<br>50704 Меѓународни политички организации<br>50706 Комуникации и мас-медиуми<br>50707. Теорија на новинарство и системи на информирање<br>50709 Методологија и теорија во политичките науки<br><br>**Научно подрачје:**<br>508 Правни науки<br><br>**Научна област:**<br>50801 Теорија на правото<br>50805 Трудово право<br>50806 Меѓународно јавно право<br>50818 Човекови права и слободи<br>50824 Деловно право<br>50826 Криминологија<br><br>**Научно подрачје:**<br>511 Социологија<br><br>**Научна област:**<br>51100 Општа социологија<br>51101 Економска социологија |

| | |
|---|---|
| | 51102 Социологија на политиката<br>51103 Социологија на организација<br>51106 Социјална екологија<br>511107 Урбана социологија<br>51108 Рурална социологија<br>51109 Социологија на науката<br>51110 Социологија на културата<br>51111 Социологија на религија<br>51112 Социлогија на моралот<br>51114 Социологија на семејството<br>51116 Социологија на трудот и организациите<br>51118 Методи на социолошките истражувања и социометрија<br>51120 Социјална антропологија<br>51122 Социологија на масовните комуникации<br>51125 Социологија на етнички групи<br>51126 Социологија на македонското општество<br><br>**Научно подрачје:**<br>605 Филозофија<br><br>**Научна област:**<br>60503 Етика<br>60511 Филозофија на политика<br>60514 Филозофија на религијата |
| **Единици во состав на високообразовната установа** | Одделенија:<br>1.Социолошко одделение;<br>2. Политиколошко-правно одделение;<br>3.Одделение за организациони науки<br><br>-Архив на истражувачки податоци(посебна организациона единица)<br><br>Центри:<br>1. Центар за менаџмент на човечки ресурси;<br>2. Центар за човекови права и олеснување на меѓуетнички спорови<br>3. Центар за комуникации, медиуми и култура;<br>4. Центар за јавни политики, јавна администрација и развој на заедницата.<br>5. Центар за применета психологија.<br><br>Лаборатории:<br>1. Психолошка лабораторија;<br>2. Лабораторија за развој на методологија за менаџмент на човечки ресурси |
| **Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на** | Студиски програми на **втор циклус** на студии:<br><br>**1. Социологија-менаџмент на општествени промени**<br>**2. Менаџмент на човечки ресурси** |

| | |
|---|---|
| **дејноста со воведување на нови студиски програми** | 3. **Комуникации**<br>4. **Култура во ера на кибернетика**<br>5. **Општествен развој**<br>6. **Политички науки и човекови права**<br>*7.* **Заедничка студиска програма од втор циклус студии по Политички науки-Интеграција и управување,** *двегодишни студии*<br><br>Студиски програми на **трет циклус**-докторски студии:<br><br>**1. Социологија на организација**<br>**2. Социологија на окружувањето**<br>**3. Демократија во ера на глобализација**<br>4. **Организациски науки и управување (менаџмент)** – студиската програма е организирана заедно со УКИМ Економски факултет –Скопје и Економски институт-Скопје) |
| **Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите** | Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје има потпишано договори за соработка со следните високообразовни установи од странство:<br><br>- School of Advanced Social Studies SASS, Nova Gorica, Slovenia- договор за соработка од 30.10.2013 година;<br>- University of Prishtina “Hasan Prishtina”, R. Kosovo; декември 2013;<br>- Бугарска академија на науките, Институт за социологија – договор за меѓусебна соработка, декември 2013 година;<br>- Jagiellonian University in Krakow, Poland, септември 2014;<br>- European College of Kosovo, септември 2014 год.<br>- Катедра за психологија, Филозофски факултет, Универзитет Палацки во Оломоуц, Чешка, октомври 2009<br>- University of Salzburg, Austria, 2017-2021 година<br>- University of Antwerpen, Belgium, Erasmus+ Agreement for mobility, 2017-2021<br>- University of Malta, Malta, Erasmus+ Agreement 2017-2020/1<br>- Universita degli Studi di Pavia Erasmus+ Agreement 2017-2020/1<br>- Universita degli Studi di Firenza Erasmus+ Agreement 2019/2020<br><br>Соработката со високообразовните установи од странство, Институтот ја остварува преку организирање размена на научноистражувачкиот кадар, размена на информации за научноистражувачки проекти, меѓусебна поддршка во подготовка и имплементирање на научноистражувачки проекти, поддршка во организирање на меѓународни работилници, симпозиуми, конференции и конгреси, меѓусебна поддршка во активности од издавачката дејност и др.; |

| | |
|---|---|
| | Мобилноста на студентите е предвидена преку програмите ЕРАЗМУС+ |
| **Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност** | Вкупна површина на објектот: 765,35 м2<br><br>1. Предавални (2) со вкупна површина од ................................................... 86,58 м2;<br>2. Компјутерска училница (1) со површина од ................................................. 33, 92 м2;<br>3. Кабинети за наставниот и соработничкиот кадар ........................................ 297,61 м2;<br>4. Библиотека ..................................18,35 м2 |
| **Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност** | 1. Централни единици (37);<br>2. Монитори ( 36);<br>3. Лаптопа (11);<br>4. Прожектори ( 3);<br>5. Графоскопи ( 2);<br>6. Платно за графоскоп (1);<br>7. Електронска табла (1);<br>8. Скенер (1);<br>9. Принтери (9);<br>10. Факс (1);<br>11. Факс/ принтер (1);<br>12. Фотокопир (1);<br>13. Телефони (27);<br>14. Телефонска централа (1);<br>15. Конференциски маси (2);<br>16. Табли за пишување (2);<br>17. Столчиња (во предавални) (53);<br>18. Канцелариски бироа (32);<br>19. Канцелариски столчиња (28);<br>20. Маси (во предавални) (16);<br>21. Витрини (библиотека) (18);<br>22. Машина за укоричување (1);<br>23. Метална машина спирали (1)<br>и др. |
| **Број на студенти за кој е добиена акредитација** | За академската 2019/20 година добиена е акредитација за 11 ментори за втор циклус студии х 12 студенти, вкупно 132 студенти |
| **Број на студенти (прв пат запишани)** | Во учебната 2019/2020 година на Институтот се запишале:<br>- 13 студенти на втор циклус студии |
| **Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања (заклучно со месец ноември 2019)** | 16 |
| **Број на лица во соработнички звања (заклучно со месец** | 2 |

| | |
|---|---|
| **ноември 2019)** | |
| **Однос наставник:студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно** | 1:3 |
| **Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите** | - Комисија за самоевалуација на ниво на студиски програми,<br>- Комисија за самоевалуација на ниво на целиот Институт<br>- Упатство за евалуација на УКИМ (април 2013) и анкети на студентите за односот на наставниот кадар и квалитетот на наставно-образовниот процес.<br>Квалитетот на студиите се контролира согласно важечките законски и подзаконски акти како и со актите на Универзитетот и Институтот. |
| **Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)** | Самоевалуација на Институтот редовно се спроведува на секои три години, а дополнително се спроведува и на крајот од секоја академска година на студиските програми кај кои е формирана група од упишани студенти. |
| **Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата** | Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), како членка на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА), следејќи ја Програмата за институционална евалуација на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА) и насоките за спроведување самоевалуација и надворешна евалуација, во изминатиот период помина низ четири евалуациони процеси: надворешна евалуација во 2003 година, прва последователна евалуација во 2008 година, втора последователна евалуација во 2011 година, иницирана и поддржана од Светска банка и надворешна евалуација спроведена во 2014 година.<br><br>Последователната самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје претставува континуитет на самоевалуацијата изведена во периодот јануари – јули 2014 година, по која следеше надворешна евалуација реализирана од експертски тим на ЕУА во периодот септември 2014 – април 2015. Извештајот за самоевалуација е придружен со 27 прилози чија нумерација е идентична со нумерацијата на прилозите од претходниот Извештај, а содржината е ажурирана за периодот 2013 – 2016 година.<br><br>Тргнувајќи од потребата за надворешна, објективна оцена и обезбедување континуиран развој и квалитет во сите области на дејствување, Универзитетскиот сенат, на 7. седница одржана на 31.1.2017 година, донесе Одлука за избор на членови на Комисијата за евалуација за наредниот четиригодишен мандатен период, во следниов состав: проф. д-р Влатко Стоилков од Факултетот за |

| | |
|---|---|
| | електротехника и информациски технологии, претседател, и членови: проф. д-р Димитар Ташковски од Факултетот за електротехника и информациски технологии, проф. д-р Митко Младенов од Природно-математичкиот факултет, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу од Факултетот за ветеринарна медицина, проф. д-р Диана Бошковска од Економскиот институт, проф. м-р Горан Трпчевски од Факултетот за драмски уметности, Ивона Петрушевска, студент на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Виктор Блажевски, студент на Економскиот факултет и Стефан Јованов, студент на Медицинскиот факултет.<br><br>Во рамките на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за високото образование (ЗВО) на Р Македонија, Комисијата за самоевалуација на УКИМ беше задолжена за спроведување процес за самоевалуација и изработка на Извештај за самоевалуација на УКИМ, за периодот 2013/2014 – 2015/2016. Процесот на самоевалуација е изведен во согласност со структурата и содржината утврдени во насоките на ЕУА за институционална последователна евалуација.<br><br>Координатори на целокупниот процес на евалуација се ректорот, проф. д-р Никола Јанкуловски, четирите проректори: проф. д-р Вујица Живковиќ, за ресорот настава, проф. д-р Владимир Петрушевски, за ресорот наука, проф. д-р Билјана Ангелова, за ресорот финансии и проф. д-р Гордана Јосифова Неделковска, за ресорот меѓународна соработка.<br><br>Евалуациониот процес на Универзитетот е спроведен во целосна соработка со единиците на УКИМ. За таа цел, за самоевалуацијата и за надворешната евалуација навреме беше информирана целокупната универзитетска заедница – наставниот кадар, административните служби и студентите. Како резултат на успешната и квалитетната подготовка, во периодот **од 16 до 20 октомври 2017 година успешно заврши петтата надворешна евалуација од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на универзитети, во Брисел**, во состав: Johanna Maria Liljeroos, Tampere, Finland, Borje Lennart Olausson, Asa, Sweden, Georg Schulz, Salzburg, Austria, Andree Sursock, N/A и Janis Vetra, Latvia. |
| **Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност** | |

**1Б. Општи дескриптори на квалификации за трет циклус студии по Политички науки, област - Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања**

| | |
|---|---|
| знаења и разбирање | Покажува највисоко ниво на знаење и разбирање во научното поле на Политичките науки.<br>Покажува знаење и разбирање за класичните концепти на политичките науки, како и за еволуцијата на концептите за клучните политички категории и процеси во современи услови.<br>Покажува способност за теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички согледувања во научното поле<br>Поседува знаење за тековните теоретски и емпириски истражувања во Политичките науки, како и знаење за општите и посебните научни методи кои се применуваат во истражувањето на политичките феномени.<br>Поседува знаење за квалитативните и квантитативните истражувања во Политичките и пошироко во општествените науки, како и знаења од областа на статистиката и нејзината примена во политиколошките истражувања<br>Поседува база за оригинално мислење и истражување во полето на Политичките науки. |
| примена на знаењето и разбирањето | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на политичките науки.<br>Способност за дескрипција и елаборација на политичките феномени и нивното значење во современото општеството.<br>Способност за прогнозирање на политичките настани на краток, среден и долг рок<br>Способност за комуникација, истражување и анализа во предметните научни области |
| способност за проценка | Способност да дава објаснување за причините и последиците во анализата на политичките појави и процеси, преку синтетизирање и интегрирање на знаењето.<br>Способност за справување со сложени прашања и подготовка на предлози за решенија и при недоволно информации, со свесност за личната и општествената одговорност, како и етичките аспекти при примена на знаењето за решавање на прашањата.<br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области на политичките науки.<br>Способност да селектира релевантни извори на податоци и да ги користи според потребите<br>Способност за истражување, анализирање и презентирање информации, идеи, резултати и препораки од релевантни истражувачки податоци. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за концепти, идеи, проблеми и појави што се однесуваат на политичката сфера во општеството.<br>Способност да комуницира и дискутира со стручнаа и со пошироката јавнос за концептот на демократија, |

| | |
|---|---|
| | демократизација и феноменот на глобализација, како и нивната интеракција во современиот свет<br>Способност за независно учество во специфични политиколошки и пошироки општествени дискусии.<br>Оспособност за академско пишување според меѓународни стандарди и комуницирање на своите истражувачки резултати во домашната и меѓународната стручна јавност.<br>Способност за јавна презентација и комуникација со публика.<br>Оспособеност за групна работа и споделување резултати и одговорност.<br>Способност за презентација пред публика со употреба на соодветен медиум, технички помагала и соодветни компјутерски програми. |
| вештини на учење | Поседува свесност за важноста на концептот за доживотно учење и континуираното стручно надградување.<br>Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој.<br>Поседува вештини за учење и работа во група и самостојно.<br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |

**1В. Специфични дескриптори на квалификации за трет циклус студии по Политички науки, област - Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања**

| | |
|---|---|
| знаења и разбирање | Високо специјализирано знаење во полето на политичките науки, како и продлабочено специјализирано знаење во поодделните дисциплини на политичките науки.<br>Специјализирано познавање и користење во аналитички цели на концептите за демократија, демократизација и глобализација. Познавање и користење во аналитички цели на основните категории во политичките науки: моќ, правда, права, слобода, еднаквост итн, како и критички и креативни способности за нивно промислување.<br>Познавање на теоретските модели на демократија, како и типовите на либерална демократија низ историјата и во современиот свет.<br>Познавање на современите типови политички режими и современите теории за државата.<br>Познавање на современите политички идеологии и способност за нивно промислување во современиот глобализиран свет.<br>Познавање на најважните политички актери и нивното функционирање- политичките партии, граѓанските организации и интересни групи, меѓународните организации, наднационалните политички структури, како и нивното значење и меѓузависност во современиот свет.<br>Способност да ги применува теоретските концепти и модели во анализа на политичките појави и процеси на национално и меѓународно ниво.<br>Знаење и разбирање за актуелните општествени проблеми кои бараат јавен ангажман, способност истите да ги структурира, анализира и предложи мерки за нивно решавање во форма на политики во соодветните области.<br>Способност за евалуација на јавните политики на национално и наднационално ниво.<br>Знаење и разбирање за креирање емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите, пишување на истражувачки извештај, публикација на научни трудови). |
| примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето за анализа на поличките појави и процеси во општеството, како и за анализа на однесувањето на политичките актери во национален и меѓународен/глобален контекст.<br>Способност за анализа на националната и меѓународната политика, како и прогнозирање на идните развои. Способност за примена на знаењето во креирање на препораки за решавање на општествените и политички проблеми со солидно ниво на оригиналност и иновативност.<br>Способност за делување на стручни и раководни позиции во политички организации и групи, применувајќи го знаењето со свесност за личната и општествената одговорност, како и за |

| | |
|---|---|
| | етичките аспекти. |
| пособност за проценка | Способност за анализа на индивидуи, групи и институции во однос на проблемите во глобализираното општество како и нивната улога во општествениот и политички развој.<br>Способност да дава проценки за комплексни политички проблеми, и препораки за нивно решавање и во случаи на недоволен број информации. Способност на прогнозирање на идни сценарија.<br>Оспособеност за собирање, класификација, статистичка обработка и интерпретација на податоци кои се употребуваат во политиколошките истражувања. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за појави што се однесуваат на политичката сфера во општеството и за конкретни политички настани.<br>Способност за независно учество во специфични политиколошки дискусии.<br>Оспособност за академско пишување според меѓународни стандарди и комуницирање на сопствените истражувачки резултати во домашната и меѓународната стручна јавност.<br>Способност за јавна презентација и комуникација со публика.<br>Способност за презентација пред публика со употреба на соодветен медиум, технички помагала и соодветни компјутерски програми. |
| вештини на учење | Поседува свесност за важноста на концептот за доживотно учење и континуираното стручно надградување.<br>Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој.<br>Поседува вештини за учење и работа во група и самостојно.<br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |

3. **Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје**

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 02-951/3
19.11. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Сл. весник на Република Македонија" бр. 82/2018) и член 49 став 1 алинеја 6 од Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 449/2019), Научниот совет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје на седницата одржана на **19.11.2019** година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на предлог-проекти за реакредитација на студиски програми од трет циклус докторски студии**

**Член 1**

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги усвои предлог-проектите за реакредитација на студиските програми од трет циклус докторски студии во организација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, и тоа:

- Социологија на опкружување
- Социологија на организација
- Демократија во услови на глобализација

**Член 2**

Предлог-проектите за реакредитација на студиските програми од трет циклус докторски студии од член 1 на оваа Одлука се составен дел на Одлуката.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Директор**

**Вонр.проф.д-р Бојана Наумовска**

Доставено до:
-УКИМ
-архива

Република Северна Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 02-951/5
19.11.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 282 и член 283 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019 Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје на седницата одржана на **19.11.2019** година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнување на студиската програма од трет циклус студии Демократија во услови на глобализација**

**Член 1**

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје ги усвои следните измени и дополнувања на студиската програма од трет циклус студии–Демократија во услови на глозбализација.

1. Се додава предмет за стекнување генерички вештини**, Методологија на научно-истражувачка работа со примена и примери од подрачјето на општествените науки** (општ дел 30%), реализатор: проф. д-р Панде Лазаревски;
2. **Методологија на научно-истражувачка работа со примена и примери од политичките науки** (посебен дел 70%); реализатор вонр. проф. д-р Анета Цекиќ
3. Се додава предмет за стекнување генерички вештини **Етика во научноистражувачка работа со примена и примери од подрачјето на општествените науки-општ дел (30%), Етика во научноистражувачка работа со примена и примери од подрачјето на општествените науки-посебен дел (70)%** реализатори: проф. д-р Ружица Цацановска, доц. д-р Иван Блажевски;
4. Се воведува задолжителна активност за **Управување со истражувачки податоци** со 4 ЕКТС, која ќе ја реализираат вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска и доц. д-р Весна Забијакин-Чатлеска;
5. Се додава нов предмет **Геополитика,** предложен од проф. д-р Панде Лазаревски
6. Се додава нов предмет **Слобода на изразување**, предложен од проф. д-р Емилија Симоска
7. Се додава нов предмет **Е-демократија**, предложен од проф. д-р Ганка Цветанова
8. Се додава нов предмет **Јавно мислење и глобализација**, предложен од проф.д-р Бојана Наумовска
9. Се бришат предметите:
   - **Етика и политика**;
   - **Социјална политика со основи на европски социјален модел;**
   - **Економскиот развој и глобализацијата;**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзино донесување.

**Директор**
**Вонр.проф.д-р Бојана Наумовска**

## 4. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Одлука од УС
Ознака: ОВ 5.5/13
Страна: 1 од 1

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ
Примено: 17.01.2020

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 47/2 | | |

Бр. 02-1207/3
_27.12.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 3 од Законот за високото образование, (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), по предлог на Наставно -научниот совет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 37. седница одржана на 27.12.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за усвојување на проект за повторна акредитација на студиска програма од трет циклус - докторски студии демократија во услови на глобализација, предлагач и организатор Институт за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје**

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува проектот за повторна акредитација на студиска програма од трет циклус - докторски студии **демократија во услови на глобализација**, предлагач и организатор **Институт за социолошки и политичко-правни истражувања** во Скопје.

**Член 2**

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација. Проектот во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Република Северна Македонија * Скопје *

Доставено до:
- Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

Изготвил: м-р Катерина Климоска
Одобрил: Виолета Ланговска

## 4. Научно-истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма

- Научно подрачје: **5 Општествени науки**
- Научно поле: **5.07 Политички науки**
- Научна област: **50710 Друго**

## 5. Степен на образование

Студиската програма е од **Трет циклус студии.**

## 6. Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Живееме во услови на глобализација, процес комплексен и контрадикторен, кој ги поттикнува интегративните процеси, но и локализмот и регионализмот, кој не соочува со наголемување на различностите, но и со хомогенизација и фрагментација, како во економската, културната така и во политичката сфера.

На кој начин се справува политиката со новите предизвици на глобализацијата? Дали нејзините неуспеси или помали успеси да ги надмине многубројните проблеми што ги наметнуваат глобализациските процеси е резултат на слабоста или цикличната криза на демократијата? Кои се импликациите на глобализацијата врз владеењето? Дали евидентното ширење на демократијата во последните децении на дваесеттиот век ја потврдува тезата за универзализацијата на либералната демократија или новите барањата за радикализација на демократијата укажуваат на нејзина криза; дали можеме да зборуваме за глобална јавна сфера и кое е нејзиното значење за демократијата; кои се новите политички расцепи и можеби конечно дали демократијата на локално ниво може да се ревитализира преку транснационална подршка?

Во таков контекст, иницирањето, креирањето и реализацијата на ефикасни политики претпоставува комплексни и продлабочени познавања за сите овие појави и процеси, што претпоставува интердисциплинарен пристап во оживотворувањето на политичките проекти, при што политичките актери, како основни носители на таквите проекти, мораат да бидат свесни за тоа. Курсот ке се обиде да одговори на овие и многу други прашања, што се во фокусот на интересот на академската, но и на пошироката зедница кога станува збор за глобализацијата и на нејзиното влијание врз политичките процеси и појави.

**Главната цел на овие докторските студии по политички науки е да ги продлабочат знаењата и вештините на студентите поврзани со политиката во ерата на глобализацијата**, сфаќајки го овој процес во својата целина, со сета негова комплексност и контрадикторности.

Преку својата **доминатно истражувачка ориентација**, овие докторски студии треба да им овозможат на кандидатите **и продлабочување на нивните сознанија од областа на методологијата и статистиката, што значи усовршување на нивните истражувачки вештини** и оспособеност да реализираат и научно истражувачки проекти и тоа како апликативни, така и развојни и фундаментални. Преку анализата на состојбите во пооделните области и откривањето на причинско последичните врски на појавите, докторантите ке бидат во состојба да понудат и соодветни политики за надминување на проблемите во соодветната област, која е предмет на нивниот интерес.

### 7. Години и семестри на траење на студиската програма

Студиската програма на трет циклус студии по Политички науки- Демократија во услови на глобализација е во траење од **6 семестри** односно три години.

### 8. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот

За добивање звање доктор на Политички науки, студентот треба да оствари **180 ЕКТС** согласно Законот за високо образование.

### 9. Начин на финансирање, а за приватните високо-образовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма

Студиите се врз база на самофинансирање од страна на студентите.

### 10. Услови за запишување

Право за запишување на овие студии имаат лица кои завршиле студиски програми од општествените науки и кои ги исполнуваат основните критериуми:

- Завршен втор циклус академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;
- Завршени постдипломски студии на студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем;
- Стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на прв циклус студии и најмалку 8,00 (осум) на втор циклус студии, односно најмалку 8,00 (осум) за интегрирани студии;

- Познавање на најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или со соодветен сертификат на истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори.

## 11. Структура на студиската програма

За докторските студии во траење од три години се предвидени следните активности и кредити:

1. АКАДЕМСКА ОБУКА (42 ЕКТС)

1.1. ОБУКА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, што изнесува 12 ЕКТС-кредити и опфаќа три предмети за стекнување генерички знаења и тоа:

- Етика во научноистражувачка работа (3 ЕКТС)
- Методологија на истражување (3 ЕКТС)
- еден предмет од универзитетската листа, од заедничката понудена листа (6 ЕКТС).

1.2. НАПРЕДНИ И СТРУЧНИ КУРСЕВИ (едукација) што изнесува 30 ЕКТС-кредити. Едукацијата опфаќа предмети од полето, областа и од потесната област на истражување (најмалку 5 предмети) и тоа:

- задолжителен предмет (6 ЕКТС)
- четири предмети од понудената листа на изборни предмети (секој предмет по 6 ЕКТС)

1.3. ФАКУЛТАТИВНА АКТИВНОСТ: Обука за управување со истражувачки податоци (2 ЕКТС)

2. НЕЗАВИСЕН ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ за изработка на докторски труд под менторство, што содржи истражувачка работа под менторство и поднесување на предлог докторски проект за изработка на доктоски труд, и се вреднува со 41 ЕКТС

3. МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ од најмалку еднонеделен престој, која се вреднува со 6 ЕКТС;

4. УЧЕСТВО НА ДОКТОРСКИ СЕМИНАРИ И КОНФЕРЕНЦИИ, што се вреднува со 18 ЕКТС-кредити.

5. ОБЈАВУВАЊЕ ВО РЕФЕРЕНТНИ НАУЧНИ ПУБЛИКАЦИИ И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ СОБИРИ во врска со докторскиот труд, што се вреднува со 27 ЕКТС;

6. ИЗРАБОТКА И ЈАВНА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД, која се вреднува со 46 ЕКТС.

Со овој сооднос на задолжителни и изборни предмети се задоволува критериумот изборните наставни предмети да сочинуваат најмалку 10%, а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредити во студиската програма.

### *Листи на предмети*

### Предмети за стекнување генерички вештини:

| **Задолжителни предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување** | |
|---|---|
| *Етика во научноистражувачка работа со примена и примери од подрачјето на општествените науки (општ дел 30%)*<br>**Овој предмет е дел од Заедничката листа на УКИМ** | Проф. д-р Ружица Цацаноска;<br>Доц. д-р Иван Блажевски |
| *Етика во научноистражувачка работа со примена и примери од подрачјето на општествените науки (посебен дел 70%)*<br>**Овој предмет е дел од Заедничката листа на УКИМ** | Проф. д-р Ружица Цацаноска;<br>Доц. д-р Иван Блажевски |
| *Методологија* на *научно-истражувачка работа со примена и примери од подрачјето на општествените науки (општ дел 30%)*<br>**Овој предмет е дел од Заедничката листа на УКИМ** | Проф. д-р Панде Лазаревски |
| *Методологија* на *научно-истражувачка работа со примена и примери од политичките науки (посебен дел 70%)*<br>**Овој предмет е дел од Заедничката листа на УКИМ** | Вонр. проф. д-р Анета Цекиќ |
| **Изборни предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување (дел од заедничката листа на УКИМ)** | |
| *Дизајнирање и спроведување на научно-истражувачки проект- практична работа*<br>**Овој предмет е дел од Заедничката листа на генерички предмети од третата група УКИМ** | Проф. д-р Петар Атанасов |

### Факултативна активност:

| **Факултативна активност** | |
|---|---|
| *Овука за управување со истражувачки податоци во општествените науки* | Вонр. проф. Д-р Елеонора Серафимовска<br>Вонр.проф.д-р Весна Забијакин - Чатлеска |

**Предмети од полето и областа на истражување:**

| **Задолжителен предмет** | |
|---|---|
| *Демократија и демократизација* | Проф.д-р Лидија Христова |
| **Изборни предмети** | |
| *Човекови права и милениумските цели* | Проф.д-р Мирјана Најчевска |
| *Современа Европа: основни обележја и тенденции на политиката во ЕУ* | Вонр. проф. д-р Анета Цекиќ |
| *Основните предизвици на глобализацијата* | Проф.д-р Мирјана Малеска |
| *Геополитика* | Проф. д-р Панде Лазаревски |
| *Надворешната политика на САД* | Проф.д-р Славејко Сасајковски |
| *Слобода на изразувањето* | Проф.д-р Емилија Симоска |
| *Глобализација и антиглобализација* | Проф.д-р Петар Атанасов |
| *Политичко однесување* | Вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска<br>Вонр. проф. д-р Маријана Марковиќ |
| *Политика на идентитети* | Вонр. проф. д-р Горан Јанев |
| *Е-демократија* | Проф. д-р Ганка Цветанова |
| *Јавното мислење и глобализацијата* | Вонр.проф. д-р Бојана Наумовска |

| **СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА *ДЕМОКРАТИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Семестар** | **Код** | **Тип на предмет /активност** | **Опис на предмет/активност** | **ЕКТС** |
| **Прв** | **ПЗ 100** | **Задолжителен предмет** | Научно-истражувачка етика | 3 |
| | **ПЗ 101** | **Задолжителен предмет** | Методологија на научно-истражувачка работа | 3 |
| | | **Изборен предмет** | Предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети | 6 |
| | **ПЗ 102** | **Задолжителен предмет** | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења *Демократија и демократизација* | 6 |
| | | **Изборен предмет** | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | | **Изборен предмет** | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | | | | |
| **Втор** | | **Изборен предмет** | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | | **Изборен предмет** | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | | **Задолжителна активност** | Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект) | 14 |
| | | **Задолжителна активност** | Прва годишна конференција | 4 |
| | | | | |
| **Трети** | | **Задолжителна активност** | Предлог докторски проект | 27 |
| | | **Задолжителна активност** | Прв докторски семинар | 3 |
| | **ПФ 100** | **Факултативна активност** | Обука за управување со истражувачки податоци | 2 |
| | | | | |
| **Четврти** | | **Задолжителна активност** | Изработка на докторскиот труд | 20 |
| | | **Задолжителна активност** | Меѓународна мобилност | 6 |
| | | **Задолжителна активност** | Втора годишна конференција | 4 |
| | | | | |
| **Петти** | | **Задолжителна активност** | Активности за објавување на два труда во референтна научна публикација | 20 |
| | | **Задолжителна активност** | Учество на меѓународен собир | 7 |
| | | **Задолжителна активност** | Втор докторски семинар | 3 |
| | | | | |
| **Шести** | | **Задолжителна активност** | Трета годишна конференција | 4 |
| | | **Задолжителна активност** | Одбрана на докторскиот труд | 26 |

## 12. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма

Податоците за просторот предвиден за реализација на оваа програма се дадени во Картата на високообразовната институција.

## 13. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма

Листата на опремата за реализацијата на студиските програми е дадена во Картата на високообразовната институција

## 14. Предметни програми со информации

Предметните програми се дадени во ПРИЛОГ бр1

## 15. Список на наставен кадар

| | Име и презиме | Звање во кое е избран |
|---|---|---|
| 1 | Д-р Лидија Христова | Редовен професор |
| 2 | Д-р Мирјана Најчевска | Редовен професор |
| 3 | Д-р Панде Лазаревски | Редовен професор |
| 4 | Д-р Емилија Симоска | Редовен професор |
| 5 | Д-р Мирјана Малеска | Редовен професор |
| 6 | Д-р Ружица Цацановска | Редовен професор |
| 7 | Д-р Славејко Сасајковски | Редовен професор |
| 8 | Д-р Петар Атанасов | Редовен професор |
| 9 | Д-р Ганка Цветанова | Редовен професор |
| 10 | Д-р Горан Јанев | Редовен професор |
| 11 | Д-р Елеонора Серафимовска | Вонреден професор |
| 12 | Д-р Маријана Марковиќ | Вонреден професор |
| 13 | Д-р Анета Цекиќ | Вонреден професор |
| 14 | Д-р Бојана Наумовска | Вонреден професор |
| 15 | Д-р Весна Забијакин-Чатлеска | Вонреден професор |
| 16 | Д-р Иван Блажевски | Доцент |

Биографијата на кадар за студиската програма на трет циклус студии се дадени во ПРИЛОГ бр.2

## 16. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма

Изјавите на наставниот кадар се дадени во ПРИЛОГ бр. 3.

### 17. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма

Од Институтот на оваа студиска програма ќе бидат ангажирани 14 професори, а 2 предметни професори се во пензија.

### 18. Информација за бројот на ментори

На оваа студиска програма се акредитирани 7 ментори. Еден професор има поднесено документација за добивање менторство (процедура во тек), Документација за добивање на менторство ќе поднесе уште еден професор. Решенијата за акредитација на менторите се поместени во Прилог 7.

Акредитирани ментори:
Проф. д-р Лидија Христова
Проф. д-р Мирјана Малеска
Проф. д-р Емилија Симоска
Проф. д-р Петар Атанасов
Проф. д-р Славејко Сасајковски
Вонр. проф. д-р Анета Цекиќ
Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска

Поднесени документи за ментор:
Проф. д-р Панде Лазаревски

Ќе поднесе документи за ментор:
